# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА БЕРОВО


| | | |
|---|---|---|
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 16.11.2020 БРОЈ 38 | ПРИМЕРОКОТ ЕБЕСПЛАТЕН |


С О Д Р Ж И Н А


З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2020 година до 30.09.2020 година (трет квартал)................................................

З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2020 година до 30.09.2020 година (трет квартал)..........................................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за квартал од 01.01.2020 година до 30.09.2020 година (трет квартал)....................................................................................................................

З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за квартал од 01.01.2020 година до 30.09.2020 година (трет квартал).......................

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец К3 за квартал од 01.01.2020 година до 31.09.2020 година (трет квартал)............................................................................................................................

З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец К3 за квартал од 01.01.2020 година до 31.09.2020 година (трет квартал)................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА РЕГИОНАЛНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД................................

О Д Л У К А ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА РЕГИОНАЛНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД..........................................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за донесување на Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и младински активизам на Општина Берово............

О Д Л У К А за донесување на Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и младински активизам на Општина Берово..........................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово……………………………………………………………………………

О Д Л У К А за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово…………………………………

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за давање на трајно користење без надомест на движни ствари - информатичка опрема на ОСУ„Ацо Русковски“ – Берово............

О Д Л У К А за давање на трајно користење без надомест на движни ствари - информатичка опрема на ОСУ„Ацо Русковски“ – Берово.........................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за прифаќање на донација– IT опрема од ЗЕГИН ДОО Скопје.................................................................................................................

О Д Л У К А за прифаќање на донација– IT опрема од ЗЕГИН ДОО Скопје................................

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишен извештај за работа на ОЈУДГ “23-ти Август” Берово за периодот 2019/2020 година.......................................

З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишен извештај за работа на ОЈУДГ “23-ти Август” Берово за периодот 2019/2020 година..........................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишна Програма за работа на ОЈУДГ “23-ти Август” Берово за периодот 2020/2021 година.......................................

З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишна Програма за работа на ОЈУДГ “23-ти Август” Берово за периодот 2020/2021 година...........................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за давање на согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈДУГ “23 Август” Берово......................................................................................................................

О Д Л У К А за давање на согласност на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ОЈДУГ “23 Август” Берово..................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за давање на согласност на Измена на годишен план за вработување за 2020 година на ОЈУДГ “23 Август” Берово..............................

О Д Л У К А за давање на согласност на Измена на годишен план за вработување за 2020 година на ОЈУДГ “23 Август” Берово...............................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на член на Совет за јавно здравје на подрачјето на Општина Берово..........................................................

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување и именување на член на Совет за јавно здравје на подрачјето на Општина Берово...........................................................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот на Општина Берово за 2021 година...................

Р Е Ш Е Н И Е за формирање на Комисија за изготвување на Програма за работа на Советот на Општина Берово за 2021 година.........................................................................................

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистичко планска документација за Туристички комплекс на КП 7757, КО Берово,,..........................................................................

О Д Л У К А за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистичко планска документација за Туристички комплекс на КП 7757, КО Берово,,...........

З А К Л У Ч О К за објавување на О Д Л У К А за отпочнување на постапка за „Измена и дополна на УПВНМ за тур.нас. Беровско езеро“ на дел од Урбан Блок 2, Општина Берово........

О Д Л У К А за отпочнување на постапка за „Измена и дополна на УПВНМ за тур.нас. Беровско езеро“ на дел од Урбан Блок 2, Општина Берово............................................................

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2020 година до 30.09.2020 година (трет квартал)

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2020 година до 30.09.2020 година (трет квартал), бр.09-3725/1 што Советот на Општина Берово го донесе на продолжетокот на 41-та седница што се одржа на 16.11.2020 година.

Бр.08-3744/1
16.11.2020 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Советот на Општина Берово на продолжетокот на 41-та седница одржан на 16.11.2020 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2020 година до 30.09.2020 година (трет квартал)

1. Советот на Општина Берово го усвои Кварталниот извештај за извршувањето на буџетот за Општина Берово за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2020 година до 30.09.2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр. 09-3725/1
16.11.2020 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за достасани ненамирени обврски
Образец К2 за квартал од 01.01.2020 година до 30.09.2020 година
(трет квартал)

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за квартал од 01.01.2020 година до 30.09.2020 година (трет квартал) бр.09-3726/1 што Советот на Општина Берово го донесе на продолжетокот на 41-та седница што се одржа на 16.11.2020 година.

Бр.08-3744/2 ОПШТИНА БЕРОВО
16.11.2020 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19) , Советот на Општина Берово на на продолжетокот на 41-та седница одржан на 16.11.2020 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за достасани ненамирени обврски
Образец К2 за квартал од 01.01.2020 година до 30.09.2020 година
(трет квартал)

1. Советот на Општина Беровово усвои Кварталниот извештај за достасани ненамирени обврски Образец К2 за квартал од 01.01.2020 година до 30.09.2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр. 09-3726/1 Совет на Општина Берово
16.11.2020 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за промените на состојбата
на секое задолжување на општините и
јавните претпријатија основани од општините
Образец КЗ за квартал од 01.01.2020 година до 31.09.2020 година
(трет квартал)

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините Образец КЗ за квартал од 01.01.2020 година до 31.09.2020 година (трет квартал) бр.09-3727/1 што Советот на Општина Берово го донесе на продолжетокот на 41-та седница што се одржа на 16.11.2020 година.

Бр.08-3744/3 ОПШТИНА БЕРОВО
16.11.2020 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19) , Советот на Општина Берово на на продолжетокот на 41-та седница одржан на 16.11.2020 година донесе:

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Квартален извештај за промените на состојбата
на секое задолжување на општините и
јавните претпријатија основани од општините
Образец КЗ за квартал од 01.01.2020 година до 31.09.2020 година
(трет квартал)

1. Советот на Општина Беровово усвои Кварталниот извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, Образец КЗ за квартал од 01.01.2020 година до 31.09.2020 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр. 09-3727/1 Совет на Општина Берово
16.11.2020 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА РЕГИОНАЛНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД

Се објавува О Д Л У К А за основање на заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад бр.09-3728/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на продолжетокот на 41-та седница што се одржа на 16.11.2020 година.

Бр.08-3744/4
16.11.2020 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

**Предлагач :** Градоначалник на Општина Берово
**Изготвувач :** Заедничка комисија за подготовка на предлог-актите за воспоставување на меѓуопштинска соработка и предлог – договор за остварување на меѓуопштинска соработка меѓу општините: Штип, Карбинци, Кочани, Виница, Берово, Делчево, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево, Зрновци, Пехчево, Пробиштип, Крива Паланка, Ранковци, Кратово, Липково, Старо Нагоричане, Свети Николе и Куманово за основање на заедничко јавно претпријатие.
**Претставник :** Илија Рунтевски -Член на Комисија

**О Д Л У К А**
**ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА РЕГИОНАЛНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД**

Берово, ноември 2020 година

Врз основа на член 18 став 3 и став 5 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“ бр.79/09) и член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 23-а и 46 од Законот за управување со отпад („Службен весник на РМ“ бр. 68/2004, 71/2004, 107/2004, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16), член 9 и член 10 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ“ број 8/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 138/14, 25/15, 39/16, 64/18 и 35/19), Советот на Општина Берово, на продолжетокот на 41-та седница одржан на 16.11.2020 година донесе:

**ОДЛУКА**
**ЗА ОСНОВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА РЕГИОНАЛНО УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД**

Член 1

Со оваа одлука Советите на општините Штип, Карбинци, Кочани, Виница, Берово, Делчево, Македонска Каменица, Чешиново-Облешево, Зрновци, Пехчево, Пробиштип, Куманово, Крива Паланка, Ранковце, Кратово, Липково, Старо Нагоричане и Свети Николе, основаат заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпадот во Источниот и Североисточниот плански регион и општина Свети Николе.

Член 2

Заедничкото јавно претрпијатие е со назив Заедничко јавно претпријатие за регионално управување со отпад „ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе со седиште во општина Свети Николе на адреса: Плоштад „Илинден“ бб Свети Николе.

Скратениот назив на претрпијатиeто гласи: ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК ” Свети Николе.

Член 3

Износот на средства за основање на ЗЈПРУО „ ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК” Свети Николе изнесува 3 000 000 денари.

Средствата од став 1 од овој член ги обезбедуваат општините- основачи во пропорционален износ на бројот на население според последниот попис спроведен во Република Северна Македонија во 2002 година и Закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04, 22/05, 98/08, 106/08 и 149/14) и тоа:
Старо Нагоричане 4,840 жители - 38.913 денари
Ранковце 4,144 жители - 33.317 денари
Липково 27,058 жители- 217.542 денари

Куманово 105,484 жители - 848.074 денари

Крива Паланка 20,820 жители - 167.389 денари

Кратово 10,441 жители - 83.944 денари

Берово 13,941 жители - 112.083 денари

Делчево 17,505 жители - 140.737 денари

Карбинци 4,012 жители - 32.256 денари

Кочани 38,092 жители - 306.253 денари

Виница 19,938 жители - 160.298 денари

Македонска Каменица 8.110 жители - 65.204 денари

Пехчево 5,517 жители - 44.356 денари

Пробиштип 16,193 жители - 130.189 денари

Чешиново- Облешево 7,490 жители - 60.219 денари

Штип 47,796 жители - 384.272 денари

Зрновци 3,264 жители - 26.242 денари

Свети Николе 18,497 жители - 148.713 денари

Член 4

ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе ќе ги врши следните дејности :

**38 - Дејности за собирање, обработка и отстранување на отпад; обновување на материјали**

38.1 - ***Собирање на отпад***

38.11 - Собирање на безопасен отпад

38.2 - ***Обработка и отстранување на отпад***

38.21 - Обработка и отстранување на безопасен отпад

**38.3 -** ***Обновување на материјали***

38.31 - Демонтирање на крш

38.32 - Обновување на посебно издвоени материјали

**39. -Дејности за санација и останати услуги на управување со отпад**

39.00 Дејности за санација и останати услуги на управување со отпад

Приоритетна дејност на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК -” Свети Николе ќе биде :

**38.21 - Обработка и отстранување на безопасен отпад**

Член 5

ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК ” Свети Николе се организира така што дејноста, заради која е основано, ја врши на начин со кој се обезбедува:

1. Техничко-технолошко и економско единство на системот;

2. Ефикасност и транспарентност во работењето;

3. Развој и усогласеност на сопствениот развој со вкупниот стопански развој;

4. Заштита и унапредување на добрата од општ интерес;

5. Трајно, уредно и квалитетно задоволување на потребите на корисниците на производи и услуги и

6. Самостојност и еднаквост во рамките на системот и функционална поврзаност со другите системи во земјата и светот.

Член 6

ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК - СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе се организира на начин што ќе обезбеди поттикнување и развој на управувањето со отпадот на регионално ниво согласно со Стратегијата за управување со отпад на Република Македонија и Планот за управување со отпад на Република Македонија, воспоставување и организирање регионален систем за управување со отпад којшто особено се состои од регионална депонија за комунален отпад и/или други објекти и инсталации за постапување со отпадот.

Член 7

ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе се организира како единствено јавно претпријатие и дејностите набројани во членот 4 на оваа Одлука, ќе ги извршува на територијата на сите општини основачи на претпријатието.

ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе има 6 претоварни станици кои се организирани како подружници и тоа:

- Претоварна станица (ПС) Подружница Берово- за општина Берово и општина Пехчево
- Претоварна станица (ПС) Подружница Македонска Каменица- за општина Макеоднска Каменица и општина Делчево
- Претоварна станица (ПС) Подружница Виница- за општина Кочани, општина Виница, општина Зрновци, општина Чешиново- Облешево, за ПС Берово и ПС Македонска Каменица
- Претоварна станица (ПС) Подружница Ранковце- за општина Крива Паланка, за општина Кратово и за општина Ранковце
- Претоварна станица (ПС) Подружница Куманово- за општина Куманово, општина Липково, општина Старо Нагоричане и ПС Ранковце.
- Претоварна станица (ПС) Подружница Штип- за општина Штип и општина Карбинци.

Општина Пробиштип отпадот ќе го носи директно до регионалната инсталација на ЗЈПРУО “ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК”.

Подружниците на јавното претпријатие немаат својство на правно лице, но можат да настапуваат во правниот промет во име и за сметка на јавното претпријатие.

Со подружницата раководи раководител што го именува директорот на јавното претпријатие.

Член 8

Одлуките на органите на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе ќе се спроведуваат на единствен начин за основачите.

Член 9

ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе за обврските во правниот промет со трети лица, одговара со целиот свој имот.

Член 10

Финансирањето на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе ќе се врши:

- од остварени сопствени приходи на претпријатието,
- од Буџетите на општините основачи на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе во пропорционален износ на бројот на население според последниот попис спроведен во Република Северна Македонија во 2002 година и Закон за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/04, 22/05, 98/08, 106/08 и 149/14),

-од донации и спонзорства и
-од други извори на приходи.

Основачите на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе со посебни одлуки ќе отстапат на користење имот и опрема за работата на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК-СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе.

Член 11

За лице кое ќе ги врши работите на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК “ Свети Николе до негово конституирање се именува Драган Паневски од Свети Николе именуван со Одлука за именување на лице кои ќе ги води работите до конституирање на заедничкото јавно претпријатие за управување со отпад бр.0801-624 од 05.11.2019 година на Советот на општина Свети Николе.

Член 12

Органите на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе се Управен одбор, Одбор за контрола на материјално-финансиското работење (Надзорен одбор) и Директор.

Управниот одбор се состои од 15 (петнаесет) членови кои ги именуваат и разрешуваат советите на општините кои го основаат заедничкото јавно претпријатие и тоа на следниот начин:

Советот на општина Куманово именува 4 (четири) члена
Советот на општина Штип именува 2 (два) члена
Советот на општина Крива Планака именува 1 (еден) член
Советот на општина Кочани именува 2 (два) члена
Советот на општина Свети Николе именува 1 (еден) член
Советот на општина Виница именува 1 (еден) член
Советот на општина Делчево именува 1 (еден) члена
Советот на општина Пробиштип именува 1 (еден) член
Советот на општина Ранковце именува 1 (еден) член
Советот на општина Липково именува 1 (еден) член

Советот на секоја од општините може да го разреши само членот на управниот одбор кој самиот го именувал.

Член 13

Одборот за вршење на контрола на материјално-финансиското работење на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК Свети Николе (надзорен одбор) се состои од 5 (пет) члена кои ги ги именуваат и разрешуваат Советите на општините кои го основаат ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе и тоа на следниот начин:

Советот на општина Старо Нагоричане именува 1 (еден) член
Советот на општина Свети Николе именува 1 (еден) член
Советот на општина Берово именува 1 (еден) член
Советот на општина Македонска Каменица именува 1 (еден) член
Советот на општина Кратово именува 1 (еден) член.

Советот на секоја од општините може да го разреши само членот на Одборот за вршење на контрола на материјално-финансиското работење на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК-СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе (надзорен одбор) кој самиот го именувал.

Член 14

Со работата на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК - СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе раководи директор.

Директорот се избира по пат на јавен конкурс, во согласност со Закон за меѓуопштинска соработка и Законот за јавни претпријатија.

Постапката за избор на директор ја спроведува три члена Комисија за избор на директор формирана со решение од страна на Градоначалникот на Општина Свети Николе, по предлог на Градоначалниците на Североисточниот и Источниот регион и тоа:

**За членови на Комисија за избор на директор**

- Два претставника од општините од Североисточен регион
- Еден претставник од општините од Источниот регион и

**За заменици членови на Комисија за избор на директор**

- Два претставника од општините од Источен регион и
- Еден претставник од општините од Североисточен регион.

За правата и должностите на членовите на Комисијата, начин на работа, текот на работата, одлучувањето, начинот на водење и содржината на записникот и други прашања од доменот на работата на Комисијатана се донесува Деловник за работа на Комисијата. Комисијата е должна да ги разгледа доставените пријави за директор на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК - СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе и да достави предлог кандидат до Градоначалникот на Општина Свети Николе кој е должен да го именува во рок од 8 дена.

Вршител на должноста директор на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК - СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе до избор на директор го именува Градоначалникот на Општина Свети Николе на ист начин како за избор на директор, за период од 6 шест месеци.

Директорот на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК – СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе се разрешува согласно Закон за јавните претпријатија.

Одлуките на градоначалниците на општините основачи на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК - СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе во име на сите градоначалници ги потпишува Градоначалникот на Општина Свети Николе.

Член 15

Рокот за донесување на статутот и именувањето на органите на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе е 90 дена од денот на уписот во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Член 16

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Берово“, а ќе започне да се применува по нејзиното донесување од страна на советите на сите општини основачи на ЗЈПРУО „ЕКО ИСТОК- СЕВЕРОИСТОК“ Свети Николе.

Бр.09-3728/1
16.11.2020 година
Берово

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за донесување на Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и младински активизам на Општина Берово

Се објавува О Д Л У К А за донесување на Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и младински активизам на Општина Берово бр.09-3729/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на продолжетокот на 41-та седница што се одржа на 16.11.2020 година.

Бр.08-3744/5 ОПШТИНА БЕРОВО
16.11.2020 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр. 05/02) и член 19 став 2 точка 11 од Статутот на Општина Берово (“Службен гласник на Општина Берово” бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Советот на Општина Берово на продолжетокот на 41-та седница одржан на 16.11.2020 година донесе:

О Д Л У К А
за донесување на Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и младински активизам на Општина Берово

Член 1

Се донесува Стратегија за меѓуетничка интеграција во образованието и младински активизам на Општина Берово.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-3729/1 Совет на Општина Берово
16.11.2020 година Претседател
Б е р о в о Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата
од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово

Се објавува О Д Л У К А за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово бр.09-3730/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на продолжетокот на 41-та седница што се одржа на 16.11.2020 година.

Бр.08-3744/6 ОПШТИНА БЕРОВО
16.11.2020 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 157 став 3 од Законот за основното образование („Сл.весник на РСМ“ бр.161/2019), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локланата самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 19 став 2 точка 44 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02,18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Советот на Општина Берово на продолжетокот на 41-та седница одржан на 16.11.2020 година донесе:

О Д Л У К А
за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата
од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат критериумите за распределба на блок дотацијата од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово.

Член 2

Средствата кои од Буџетот на Република Северна Македонија за секоја буџетска година се трансферираат на локално ниво во Буџетот на Општина Берово како пренесена надлежност за основното образование ќе се распределуваат по основни училишта во кои основач е Општина Берово.

Член 3

Критериумите за распределба на блок дотацијата Н1-Основно образование по основните училишта на Општина Берово се: корисна површина во училиштата, бројот на ученици во училиштата, корисна површина за греење и училишни објекти во општината.

Член 4

Формулата според која се врши распределба на средствата од блок дотацијата Н1-Основно образование по основни училишта во Општина Берово е следната:

БДу=(Кп/ВкКп+Бу/ВкБу+Кпг/ВкКпг+По/ВкПо)/4*БДо

Каде:
Бдо-блок дотација на општината
БДу-блок дотација по основно училиште
Кп-корисна површина на училоштето
ВКп-вкупна корисна површина на сите училишта во општината
Бу-број на ученици во училиштето
ВкБу-вкупен број на ученици во основните училишта во општината
Кпг-корисна површина за греење во училиштето
ВкКпг-вкупна корисна површина за греење
По-подрачни училишта и центалното училиште
ВкПо-вкупно подрачни училишта и центалните училишта

Член 5

Средствата добиени како блок дотација во Буџетот на Општина Берово за основното образование може да се користат за: плати на вработените, стоки и услуги (комуналии, греење, електрична енергија, комуникации и транспорт, канцелариски матерјали, весници и списанија, алат и ситен инвентар, средства за одржување на хигиена, тековно одржување, други договорни услуги, превоз на учениците како и други оперативи расходи), трансвери при пензионирање и капитални расходи.

Член 6

Средствата добиени како блок дотација во Буџетот на Општина Берово за основното образование ќе се одобруваат на месечна основа по училишта согласно утврдената динамика по квартали од Министерството за образование и наука и тоа:

- Делот за плати, наемнини и надоместоци на вработените до 15-ти во тековниот месец за плата за претходниот месец;
- Делот за стоки и услуги после 15-ти во тековниот месец за претходниот месец.

Член 7

По добиената распределба на средства од страна на Министерството за образование Формулата според која се врши распределба на средствата од блок дотацијата може да претрпи извесни промени кои ќе бидат утврдени со Одлука за измена на Одлуката за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата од програмата Н1-Основно образование по училиштата во Општина Берово.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-3730/1
16.11.2020 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за давање на трајно користење без надомест на движни ствари - информатичка опрема на ОСУ„Ацо Русковски“ – Берово

Се објавува О Д Л У К Аза давање на трајно користење без надомест на движни ствари - информатичка опрема на ОСУ„Ацо Русковски“ – Берово бр.09-3731/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на продолжетокот на 41-та седница што се одржа на 16.11.2020 година.

Бр.08-3744/7
16.11.2020 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 19 став 2 точка 32 од („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), а во врска со Одлука на Влада на Република Северна Македонија Бр.44 – 8748/1 од 27.09.2020 година, Советот на Општина Берово на продолжетокот на 41-та седница одржан на 16.11.2020 година донесе:

О Д Л У К А
за давање на трајно користење без надомест на движни ствари - информатичка опрема на ОСУ„Ацо Русковски“ – Берово

Член 1

Се даваат на трајно користење без надомест на ОСУ„Ацо Русковски“ Берово за потребите на училиштето, следните движни ствари:

| Реден број | Назив на движната ствар | опис | Количина | набавна вредност поединечна | Набавна вредност | Отпишана вредност | Сегашна вредност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ОСУ„Ацо Русковски“ Берово | | | | | | | |
| 1 | Персонален сметач со монитор | Acer Extencsa E 470 Dual Core E5400 2.7 Ghz Windows XP, Sgb монитор Philips 19 LCD Philips mnb 1190t | 8 | 32.501,00 денари | 260.008,00 денари | 260.008,00 денари | 0 |

Член 2

Вредноста на движната ствар од член 1 на оваа Одлука изнесува 0,00 денари со вклучен ДДВ.

Член 3

Движните ствари од член 1 на оваа Одлука се дадени на Општина Берово, а за потребите на ОСУ„Ацо Русковски“ Берово со Одлука на Влада на Република Северна Македонија Бр.44 – 8748/1 од 27.09.2020 година.

Член 4

Во врска со оваа Одлука Градоначалникот на Општина Берово и Директорот на ОСУ „Ацо Русковски“ – Берово ќе склучат Договор.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-3731/1
16.11.2020 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

О Д Л У К А
за прифаќање на донација– IT опрема од ЗЕГИН ДОО Скопје

Се објавува О Д Л У К А за прифаќање на донација – IT опрема од ЗЕГИН ДОО Скопје бр.09-3732/1 што Советот на Општина Берово ја донесе на продолжетокот на 41-та седница што се одржа на 16.11.2020 година.

Бр.08-3744/8
16.11.2020 год.
Б е р о в о

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Звонко Пекевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија’’ бр.5/02) и член 19 став 2 точка 43 од Статутот на Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), а во врска со член 6 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен Весник на Република Македонија” Бр.61/04……192/2015), Советот на Општина Берово на продолжетокот на 41-та седница одржан на 16.11.2020 година донесе:

# О Д Л У К А
## за прифаќање на донација

Член 1

Со оваа одлука Општина Берово ја прифаќа донацијата дадена во добра и услуги за цели од јавен интерес, дадена од давателот трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје.

Член 2

Донацијата која се дава на Општина Берово се состои во:

| бр. | опис | Инвентарен број | Сериски број | категорија | подкатегорија |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Monitor Fujitsu L20T-3 | A00000239 | YV4TO76239 | Електроника | Монитор |
| 2. | Monitor Fujitsu L20T-3 | A00000238 | YV4TO78220 | Електроника | Монитор |
| 3. | Monitor LG22” | A00003723 | 410NDSK59414 | Електроника | Монитор |
| 4. | Monitor Fujitsu 19” | A00003668 | YV3NO84478 | Електроника | Монитор |
| 5. | Monitor LG22” | A00006645 | 806NTLE9K544 | Електроника | Монитор |
| 6. | HP 3500 MT | A00003267 | CZC337811K | Електроника | Компјутер |
| 7. | HP 3500 MT | A00003268 | CZC3378122 | Електроника | Компјутер |
| 8. | HP Pro 6300 | A00003700 | CZC4092GPX | Електроника | Компјутер |
| 9. | HP 400 G2 MT | A00003651 | CZC5232VY2 | Електроника | Компјутер |
| 10. | HP 3500 MT | A00003691 | CZC442306B | Електроника | Компјутер |

Член 3

Донацијата од член 1 на оваа Одлука ќе се прими и реализира согласно закон.

Член 4

За донацијата ќе биде склучен посебен договор, помеѓу Градоначалникот на Општина Берово, како примател на донацијата и трговско друштво за внатрешен и надворешен промет ЗЕГИН ДОО Скопје како донатор.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-3732/1
16.11.2020 година
Б е р о в о

Совет на Општина Берово
Претседател
Јован Матеничарски с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10 и 20/19), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К
за објавување на

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишен извештај за работа на
ОЈУДГ "23-ти Август" Берово за периодот 2019/2020 година

Се објавува З А К Л У Ч О К за усвојување на Годишен извештај за работа на ОЈУДГ "23-ти Август" Берово за периодот 2019/2020 година бр.09-3733/1 што Советот на Општина Берово го донесе на продолжетокот на 41-та седница што се одржа на 16.11.2020 година.

Бр.08-3744/9 ОПШТИНА БЕРОВО
16.11.2020 год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски с.р.

